Република Северна Македонија

**Министерство за труд и социјална политика**

Министерство за труд и социјална политика
Проект за подобрување на социјалните услуги (ППСУ)
Кредит Бр.8902-МК

SUPPORTED BY WORLD BANK GROUP

# ИЗВЕСТУВАЊЕ

на граѓаните и сите засегнати страни за подпроектот за реконструкција/адаптација на Дневен Центар за стари лица и Центар за помош во домашни услови во Општина Чаир, поддржан од Министерството за труд и социјална политика и Светска Банка.
За таа цел се става на увид документот од јавен интерес *Листата за проверка на планот за управување со животната средина и социјалните аспекти*.

Проектот за подобрување на социјални услуги во својата прва компонента предвидува поддршка на локалните самоуправи за развој на таргетирани социјални услуги кои што ќе одговорат на потребите на ранливите категории на граѓани во своите општини. За таа цел на 30 април, 2019 беше објавен Јавен повик за доделување грантови за развој на социјални услуги наменет за локалните самоуправи. Општина Чаир аплицираше со проект насловен како *Дневен центар за стари лица и центар за давање помош во домашни услови.*

Согласно *Оперативниот прирачник за администрирање грантови за развој на социјални услуги, Планот за вклучување на засегнати страни и Рамката за управување со животна средина и социјални прашања*, се објавува документот од јавен интерес *Листата за проверка на планот за управување со животната средина и социјалните аспекти* кој содржи анализа на влијанијата врз животната средина и социјалните аспекти кои ќе произлезат од реализација на попроектот за отварање на *Дневен центар за стари лица и центар за давање помош во домашни услови*.

Забелешки или прашања за подпроектот може да се доставуваат во рок од 14 дена од објавување на Известувањето на следниот линк https://ssip.mtsp.gov.mk/ApplyRequest.aspx.

Министерството за труд и социјална политика